Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ ССКО
Бр. 15-03/23
22-03-2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-2073/1
22-03-2023 год.
СКОПЈЕ

СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 471-03/23
22.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 3/06,44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09,10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12,13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15,72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21, 288/21 и 288/21), а в.в со член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службенвесник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20) и член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 150 и 151 од Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје број 08-5539/1 од 19.07.2022 година, објавата од Министерството за труд и социјална политика за висината на минималната плата (Службен весник на РСМ број 58/2023), Општина Аеродром претставувана од градоначалникот Тимчо Муцунски од една страна и Претседателот на Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ Зоран Антовски како и Претседателот на Синдикалната Организација на Општина Аеродром Жарко Костески, од друга страна, на ден -------------------година, склучија во ОпштинаАеродром,

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА НОВО НА РАБОТОДАВЕЦ ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Колективен договор се врши измена и дополна на Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје број 08-5539/1 од 19.07.2022 година.

## Член 2

Измената се врши на начин што во член 110 ставот 1 од Колективниот договор се менува и гласи: „Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата ".

Во член 110 ставот 2 се менува и гласи: „На вработениот, во случај на смрт, на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или надвор од брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата ".

## Член 3

Членот 122 се менува и ќе гласи:

(1) Групирањето на одделни работни места, за вработените што имаат статус на помошно-технички лица е определено со бодови и се врши на следниот начин:

| Р.бр. | Називнаработнотоместо | Број на бодови |
|---|---|---|
| 1 | КВ Работник за одржување објекти (зеленило) | 364,45 |
| 2 | Работник за извршување на помошни работи | 364,45 |
| 3 | Работник на централа-телефонист | 373,91 |
| 4 | Хигиеничар | 364,45 |
| 5 | Магационер | 373,91 |
| 6 | Домаќин | 373,91 |
| 7 | Чувар II и III | 364,45 |
| 8 | Кафекувар | 364,45 |
| 9 | Возач II | 373,91 |

(2) Одредбите за додатоците и надоместоците на плата од Колективниот договор важат и за вработените во администрацијата на Општина Аеродром што имаат статус на помошно-технички лица.

(3) Секоја измена на одредбите на овој член кои се однесуваат на пресметката на платата на вработените во администрацијата на Општина Аеродром што имаат статус на помошно-технички лица во иднина ќе се врши само преку измена на Правилникот за плати на вработените во Општина Аеродром донесен од Градоначалникот на Општина Аеродром.

Член 4

(1) Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб-страницаата на потписниците.

(2) Оваа измена на колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување.

Датум ----------------- година, место: Скопје

Синдикат на станбено-деловните комунални, локално-самоуптавни, водостопански и радиодифузни организации на РМ
Претседател,
**Зоран Антовски**

Општина АЕРОДРОМ
Градоначалник,
**доц. д-р Тимчо Муцунски**

Синдикална организација на ОпштинаАеродром
**Претседател, Жарко Костески**